
СОВРЕМЕНОСТ
списание за литература, култура и уметност
sovremenost.com
Број 1 / 2023
-2 прилога проза
-6 прилози поезија
-3 приопштувања
-5 интерпретации
-4 рецензии
-1 прилог афоризми
Атанас Колевски - Колевизми
Проза
„Јамата“ од Стефан Марковски, „Пригушени осцилации“ од Станка Бајлозова Барламова
Преглед
Извадок од романот „Змиски премин“ од Брам Стокер
Анализа на „Господа Глембаеви“ од Верица Мукоска
„За преводот од ракопис“ од Васил Тоциновски

# СОВРЕМЕНОСТ

## СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Година 78 (72) Број 1, 2023

ISSN 0038-5972

sovremenost.com

Првиот број на списанието „Нов ден“ излезе во 1945 година.
Списанието „Современост“ е негов директен наследник чиј прв број
се појави во април 1951 година.

Скопје, 2023 година

# СОДРЖИНА

## ПРОЗА


Стефан МАРКОВСКИ, ЈАМАТА ..................................................5

Станка БАЈЛОЗОВА БАРЛАМОВА, ПРИГУШЕНИ ОСЦИЛАЦИИ ..........9


## ПОЕЗИЈА


Васил ДРВОШАНОВ, ИСКРИ 2 ..................................................19

Мирјана ТРЕНЧЕВА, СО МОНАХОТ ..........................................23

Иван СТОЈАНОВСКИ, ПЕРСИСКА УБАВИЦА ...............................27

Марина ИКОНОМОВА ШОКЕВА, ТУЃИ СПОМЕНИ ........................30

Никола АЛТИЕВ, ПРАЗНА СТРАНИЦА ВО ТЕТРАТКАТА ...............34

Софија ДОБРЕВСКА, НИЕ СМЕ ОД СКОПЈЕ ..................................40


## ПРИОПШТУВАЊА


Брам СТОКЕР, ЗМИСКИ ПРЕМИН ..................................................42

Емилио МАРТИН ПАЗ ПАНАНА, УВЕРТИРА ....................................48

Јин ЏИАОЈУАН, СИВА ЧАПЈА ......................................................52


## ИНТЕРПРЕТАЦИИ


Верица МУКОСКА, ТРАГИЧНАТА ЕКСТЕНЗИВНОСТ КОН ПОГУБЕНИТЕ ДОЖИВУВАЊА НА „ГОСПОДА ГЛЕМБАЕВИ“ ИЗРАЗЕНА ПРЕКУ НЕИЗБЕЖНОТО СУДБИНСКО ПРОКЛЕТСТВО ..................................................55

Васил ТОЦИНОВСКИ, ЗА ПРЕВОДОТ ОД РАКОПИС ........................57

Симона АНАКИЈЕВСКА, ФУНКЦИИТЕ НА ЈАЗИКОТ ВО ПРАЗНИЧНИТЕ ГОВОРИ НА ПОЛИТИЧАРИТЕ ..............................62

Елена СТАНКОСКА, ЕФЕКТИВНА БИБЛИОТЕЧНА КОМУНИКАЦИЈА ..................................................................67

Моника КОЛЕВА, ВАМПИРСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ВО РАСКАЗИТЕ НА ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ И ЖИВКО ЧИНГО ............................75

**ВРЕДНУВАЊА**

Никола АЛТИЕВ, ОГЛЕДАЛНАТА КРИВА НА ВНАТРЕШНИТЕ РАЗВОИ КАЈ ЛИКОВИТЕ ВО ДРАМАТА „МАЈСТОРИ ЗА ОГЛЕДАЛА“ ОД СТЕФАН МАРКОВСКИ ....................

Славчо КОВИЛОСКИ, ПОЛНИ СТРАНИЦИ ПОЕЗИЈА ....................

Јованка ДЕНКОВА, МУЗИЧКО-ТЕРАПИЈА ЗА МЛАДИТЕ АДОЛЕСЦЕНТИ ....................

Андреј МЕДИЌ ЛАЗАРЕВСКИ, „ГОДИШНИ ВРЕМИЊА“ - ВО ЗИМА ЌЕ ВЕ СТОПЛИ, ВО ЛЕТО ЌЕ ВЕ СМРЗНЕ ....................

**АФОРИЗМИ**

Атанас КРЛЕВСКИ, КРЛЕВИЗМИ ....................




Јованка ДЕНКОВА

УДК 821.163.3-31.09

МУЗИКО-ТЕРАПИЈА ЗА МЛАДИТЕ АДОЛЕСЦЕНТИ

Во романот „Рок видри“ (1993) од Весна Ацевска* сведоци сме на една движечка виталистичка енергија кај една група млади луѓе од исто маало и на возраст од петнаесет-шеснаесет години. Оваа група од момчиња и девојчиња ги поврзува љубовта кон музиката, дружењето, заедничките спомени. Кире, Мете, Игор, Љупче, Вале, Виле и Вики, се млади луѓе, адолесценти од маалото, група млади тинејџери кои формираат музичка група – „Рок видри“ и низ делото го гледаме целиот нивен труд во музичките води.

* Весна Ацевска е поет, раскажувач и преведувач. Родена е на 10 ноември 1952 година во Скопје. Завршила Филолошки факултет во Скопје. Работела во весникот „Република“, а од 1992 година работи во Институтот за национална историја во Скопје. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1991 година и на меѓународното друштво „Калеваласеура“ од Финска. Го препеала финскиот спев Калевала и за него ја добила наградата за препев „Григор Прличев“ за 2000 година, а во посебна книга се објавени препеви од персискиот еп „Шахнаме“ на Фирдоуси (2007). Таа пишува поезија и проза, преведува од руски и од јужнословенски јазици. Таа е член е на: Сојузот на писатели на Македонија; Македонскиот ПЕН-центар; Сојузот на литературни преведувачи на Македонија; Интернационалното друштво „Калеваласеура“ од Финска; Меѓународната славјанска литературна и уметничка академија од Варна, Република Бугарија. Има објавено осум поетски збирки и еден поетски избор на македонски јазик, а десет избори од нејзината поезија се публикувани на англиски, албански, бугарски, полски, романски, српски, турски и хрватски јазик. Застапена е во разни антологии на македонската поезија објавени во земјата и во странство. Ги добила наградите за поезија „Браќа Миладиновци“ (2009) и „Ацо Шопов“ (2021). Авторка е на три романи за деца и младина. Ги превела еповите „Калавала“, „Стара еда“, митолошкиот дел од „Шахнаме“ на Фирдуси, „Млада еда. Видението на Гилфи“ од Снори Стурлусон и уште десетина книги, самостојно или во соавторство. За преводот на „Калевала“ и на „Стара еда“ двапати ја добила наградата „Григор Прличев“ (2000; 2009). Носителка е на почесно признание од Финска за преводот на „Калевала“ (2000) на македонски јазик и на признанието „Ана Ахматова“ (2020) за афирмација на руската литература. Има уредено два броја на ревијата на Македонскиот ПЕН-центар и две изданија со народни приказни од Македонија. Член е на редакцијата на списанито „Книжевно житие“ на книгоиздателството „Макавеј“ од Скопје. Носителка е на државната награда „Св. Климент Охридски“ за животно дело во областа на културата и литературата.

Книжевно творештво: Подготовки за претстава (поезија, 1985), Карпа за скок (поезија, 1991), Лавиринт (роман, 1992), Рок видри (роман, 1993), Скалила во зеленото (роман, 1994), Котва за Ное (поезија, 1994), Неред во огледалото (поезија, 1996), Кула во зборот (поезија, 2005), Столисник (поезија, 2008), Мартинки (поетски избор, 2009). Награди: Браќа Миладиновци Архивирано на 16 септември 2016 г. (за Столисник, поезија, 2009) на Струшките вечери на поезијата, 2000 Григор Прличев (награда за препев) на "Калевала", 2009 Григор Прличев (награда за препев) на "Стара Еда", 2012 Ацо Шопов (награда)

# МУЗИКО-ТЕРАПИЈА ЗА МЛАДИТЕ АДОЛЕСЦЕНТИ

Во романот „Рок видри“ (1993) од Весна Ацевска[1] сведоци сме на една движечка виталистичка енергија кај една група млади луѓе од исто маало и на возраст од

[1] Весна Ацевска е поет, раскажувач и преведувач. Родена е на 10 ноември 1952 година во Скопје. Завршила Филолошки факултет во Скопје. Работела во весникот „Република“, а од 1992 година работи во Институтот за национална историја во Скопје. Член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1991 година и на меѓународното друштво „Калеваласеура“ од Финска. Го препеала финскиот спев Калевала и за него ја добила наградата за препев „Григор Прличев“ за 2000 година, а во посебна книга се објавени препеви од персискиот еп „Шахнаме“ на Фирдоуси (2007). Таа пишува поезија и проза, преведува од руски и од јужнословенски јазици. Таа е член е на: Сојузот на писатели на Македонија; Македонскиот ПЕН-центар; Сојузот на литературни преведувачи на Македонија; Интернационалното друштво „Калеваласеура“ од Финска; Меѓународната славјанска литературна и уметничка академија од Варна, Република Бугарија. Има објавено осум поетски збирки и еден поетски избор на македонски јазик, а десет избори од нејзината поезија се публикувани на англиски, албански, бугарски, полски, романски, српски, турски и хрватски јазик. Застапена е во разни антологии на македонската поезија објавени во земјата и во странство. Ги добила наградите за поезија „Браќа Миладиновци“ (2009) и „Ацо Шопов“ (2021). Авторка е на три романи за деца и младина. Ги превела еповите „Калавала“, „Стара еда“, митолошкиот дел од „Шахнаме“ на Фирдуси, „Млада еда. Видението на Гилфи“ од Снори Стурлусон и

петнаесет-шеснаесет години. Оваа група од момчиња и девојчиња ги поврзува љубовта кон музиката, дружењето, заедничките спомени. Кире, Мете, Игор, Љупче, Вале, Виле и Вики, се млади луѓе, адолесценти од маалото, група млади тинејџери кои формираат музичка група – „Рок видри“ и низ делото го гледаме целиот нивен труд во музичките води.

Ова дело е доказ дека со одлична дружба и искрени пријатели може да се достигне и невозможното. Членовите на групата се сечии миленици кои своите проби ги изведуваат во гаражата на Кире – нараторот, кој нè воведува во епицентарот на приказната, бележејќи ги на касетофон, во тишината на својата соба, впечатоците од претходно одржаниот музички концерт – натпревар.

Ова младо друштво доаѓа до идеја да формира група, каде низ песна и позитивна енергија ќе ги покажат своите таленти и способности. Дури и дел од постарата генерација ги фаворизира, бидејќи станува збор за многу културни и фини млади луѓе, кои пленат со своето однесување. Вложуваат многу труд и енергија на пробите и настапите, со цел да се подготват за престојниот концерт каде ќе имаат можност премиерно да се истакнат и да ја изведат нивната прва песна. На овој натпревар имаат силна конкуренција, а како посебна се издвојува групата „Електрични крилја“, кои се многу квалитетни, но и арогантни, некултурни и постојано ја истакнуваат својата конкурентност.  Всушност, главната идеја е конфликтот меѓу овие две групи, каде нашите главни ликови се прикажани како културни и добри деца, додека припадниците на „Електрични крилја“ се арогантни, омаловажувачки настроени кон сите, особено кон „Рок видри“.

Низ страниците на овој роман ќе продефилираат многу млади тинејџери и секој од нив има различни карактеристики. Со ова, авторот ни ја доловува моменталната ситуација од секојдневниот живот, каде тинејџерите ги покажуваат своите карактери и расположенија. Кулминацијата во ова дело е токму музичкиот натпревар, каде се води „тешка битка“, затоа што учествуваат многу солидни групи од цела држава. За среќа, и очекувано, првата награда ќе им припадне на „Рок видри“. Секако, нивниот успех наидува на негативни коментари од групата „Електрични крилја“. Нетрпеливоста меѓу двете групи продолжува и понатаму, па и во емисиите во живо, на кои ќе бидат поканети како најуспешни. И токму во овие мигови се формираат и покажуваат карактерите на овие млади луѓе. Во миговите кога одеднаш стануваат славни и барани насекаде, кога можат да бидат заразени од суета, Кире и неговата група, им подаваат

---

уште десетина книги, самостојно или во коавторство. За преводот на „Калевала“ и на „Стара еда“ двапати ја добила наградата „Григор Прличев“ (2000; 2009). Носителка е на почесно признание од Финска за преводот на „Калевала“ (2000) на македонски јазик и на признанието „Ана Ахматова“ (2020) за афирмација на руската литература. Има уредено два броја на ревијата на Македонскиот ПЕН-центар и две изданија со народни приказни од Македонија. Член е на редакцијата на списанито „Книжевно житие“ на книгоиздателството „Макавеј“ од Скопје. Носителка е на државната награда „Св. Климент Охридски“ за животно дело во областа на културата и литературата.

Книжевно творештво: Подготовки за претстава (поезија, 1985), Карпа за скок (поезија, 1991), Лавиринт (роман, 1992), Рок видри (роман, 1993), Скалила во зеленото (роман, 1994), Котва за Ное (поезија, 1994), Неред во огледалото (поезија, 1996), Кула во зборот (поезија, 2005), Столисник (поезија, 2008), Мартинки (поетски избор, 2009). Награди: Браќа Миладиновци Архивирано на 16 септември 2016 г. (за Столисник, поезија, 2009) на Струшките вечери на поезијата, 2000 Григор Прличев (награда за препев) на "Калевала", 2009 Григор Прличев (награда за препев) на "Стара Еда", 2012 Ацо Шопов (награда).

рака на пријателство на „Електрични крилја“ преку музички натпревар меѓу двете групи. И како во некои архаични времиња на надсвирување/надигрување меѓу јунакот и самовилата, така и во овој роман роман, иако во современ контекст, битката ќе се „бие“ на мегданот на во нивното блиско кафеанче „Алтанче“. На крајот од делото, започнуваат со снимање на песни во студио, со што нивната кариера доживува огромна популарност.
Низ ова дело се исткајуваат многу убави моменти, кои сведочат за вистинското пријателство, а доказ за тоа е и групата „Рок видри“, чии членови со многу сплотеност и љубов постигнуваат голем успех, односно се остварила нивната најголема желба, да победат на фестивалот и да снимаат песни.
Една од целите на која инсистира авторката во овој младешки роман е да го прикаже животот на младите адолесценти кои функционираат заедно во групата, но при тоа не е заобиколен и индивидуалниот пристап кон ликовите. За нив читателите дознаваат низ гледна точка на нараторот Кире, кој и самиот се опишува. И останатите членови на групата се детално осветлени. На пример, тивкиот бељаџија Мете, бавен и молчалив, но исклучително надарен за инструменти. Овој палавко полека се скротува со музиката и убавите ноти,односно свири и гитара и окарина и кавал. Ова чудо од дете својот мир го наоѓа во мелодијата, па целиот негов труд го вложува во илјадници вежби, со цел да ја постигне идеалната нота и мелодија: „Мете ја помнеше секоја мелодија, брзо, точно, засекогаш. Затоа њас и тој најчесто се дружевме, заедно создававме песни, разговаравме за музиката, читавме сè што ни доаѓаше до рака, слушавме касети, плочи и коментиравме“ (62).Потоа, тука е Игор, кој е потполна спротивност на Мете, зашто сè му оди од рака, тој е брз, исполнителен. Тој успева да ги поправи гитарите и да се добие дури и подобар звук од претходно. За него, нараторот Кире ќе каже дека е многу вешт, брз и умешен. Многупати се истакнува и во спортот, но сепак љубовта спрема музиката доминира: „Ако Мете беше тој што смислуваше, Игор беше првиот што најдобро умееше да го изведе смисленото“ (64). Следен на сцената е осветлен Љупче, кој насекаде го привлекувал вниманието: „Секогаш прво него го забележуваат: убав, дотеран, уреден...Баба ми вели – таква му е ѕвездата. ...Умееше да биде другар. Да чува тајна. Да помогне скришум и тогаш кога за помошта не знаеше оној на кого му помогнал“ (65). Членови на групата се и три девојчиња. Вале е насликана како убава девојка, во едно и храбра, девојка која знае да се спротистави на сите, па макар и на посилни од неа: „Со надворешните, оние што ни завидуваа на играта и ни ја растураа, Вале храбро почнуваше тепачка. Почесто од нас машките. Не еднаш истепувала некои наши врсници што се перчеле и нè предизвикувале“ (65). Нејзиниот преубав сопран ги покорува сите овие темпераментни особини.
Позитивната убавица Вики плени со својата смирувачка енергија, со милиот и убав глас. Смирува со своите утешни зборови, па покрај убавиот лик има и убава душа. И покрај сите додворувања, таа останува доследна на својата кариера и неуморно вежба за секој настап: „Нејзе сите ѝ се доверуваа. Како што таа знае да слуша, нема никој друг. Слуша со сочувство, охрабрува со насмевка“ (66).
Виле е девојката која е заслужна за музичкиот имиџ, бидејќи има способност секогаш да открие и насети нешто ново и интересно во музичките води. Не само што пее, таа преубаво свири и доминира со своите способности, но и како голем другар и топло срце: „Не сте виделе пољубопитни очи од оние на Виле. Освен тоа, тие беа и продорни, умееја да гледаат не само на површината, туку и внатре, длабоко, во скришните катчиња“ (68).
Опишувајќи се себеси, нараторот Кире сфаќа дека тоа му е најтешко: „Но да се покажеш она што си, не по изглед туку по табиет (или каракатер), е многу потешко отколку да застанеш пред огледало. Потребна тие е храброст илјада пати поголема“

(69). Па така, најмногу и најдобро го запознаваме Кире од комуникацијата со другите, особено со соперничката музичка група, каде е евидентно неговото културно и воспитано однесување, неговата толеранција и настојување за мирно решавање на проблемите; го гледаме како момче кое ги цени фамилијарните вредности, а од неговиот дом поважна симболика има гаражата во која ги одржуваат пробите: „Можевме да свириме во секое време во гаражата, да пееме колку што сакаме без некој да ни каже прекорен збор“ (70). Пред сѐ, тој е посветен на музиката, а и на пријателството и искреноста: „И што да ви кажам за себе?! Дека музиката ми е „нумеро уно“, или, прва и најважна, веќе ви е јасно. И сѐ она што произлегува од тоа“ (69). Интересни се неговите односи со постариот брат Симе, кој се јавува како главен помошник и поддржувач на младите музичари, особено кога возрасните (родителите) настојуваат да им се „мешаат“ во организацијата.
Во време на раното детство и раната адолесценција, постојат активни развојни периоди во социо-емоционалниот развој кога интеракцијата меѓу браќата и сестрите е многу активна и кога младите се борат да ги насочат социјалните релации во позитивна и неконфликтна насока. Исто така, децата и адолесцентите го усогласуваат својот социјален статус преку низа различни контексти, како семејството, училиштето, домот и соседството, и во тие ситуации важна улога играат браќата и сестрите, делумно и како реципиенти од себеоткривањето. И додека помладите деца, повеќе се себеоткриваат со помош на родителите, адолесцентите се поотворени кон пријателите, врсниците, а од родителите во прв ред е мајката, а потоа татковците.[2] Во романот „Рок видри“ ја гледаме успешната и позитивна комуникација на средношколецот Кире со неговиот постар брат, студентот Симе. Браќата и сестрите се дел од семејниот живот на децата и адолесцентите, а голем дел студии ја документираат нивната улога во секојдневните искуства на едни со други како придружници во играта, нивната меѓусебна доверливост, нивните кавги и конфликти, но и се фокусираат на социјалните споредби.[3] Од тие студии, исто така, познато е дека односите меѓу браќата и сестрите во рамките на семејството се обликуваат од фактори кои зависат од детските карактеристики до културните норми и вредности. Исто така, општопознато е дека браќата и сестрите можат да имаат директни ефекти врз развојот на едни со други кога служат како социјални партнери, модели за улоги и дека браќата и сестрите можат индиректно да влијаат едни на други врз основа на нивното влијание врз поголемата семејна динамика - како на пример со тоа што служат како градбени елементи на семејната структура.[4] Ајриш укажува дека позицијата на браќата и сестрите во семејството, исто така, предизвикува социјални психолошки процеси, со доживотни импликации за индивидуалниот развој и прилагодување[5], на што би се надоврзале со заклучокот на Галтон, кој сметал дека преголемото истакнување на првородените деца се должи на правата и одговорностите што им се доделени со законите и обичаите околу исконското.[6] Оттука, тој статус на првородените деца, може да доведе до

---

[2] Nina Howe, Jasmin Aquan-Assee, William M. Bukowski, Christina M. Rinaldi and Pascale M. Lehoux, Sibling Self-Disclosure in Early Adolescence, Merrill-Palmer Quarterly, Published by: Wayne State University Press, Vol. 46, No. 4 (October 2000), pp. 653-671, https://www.jstor.org/stable/23092569, 05.02.2023

[3] Susan M. McHale, Kimberly A. Updegraff,* and Shawn D. Whiteman, Sibling Relationships and Influences in Childhood and Adolescence, J Marriage Fam. 2012 Oct 1; 74(5): 913–930., https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3956653/, 05.02.2023

[4] McHale SM, Kim J, Whiteman SD. Sibling relationships in childhood and adolescence. In: Noller P, Feeney JA, editors. Close relationships: Functions, forms and processes. New York: Psychology Press; 2006. pp. 127–149

[5] Donald P. Irish, Sibling interaction: A neglected aspect in family life research, Social forces 42, no. 3 (1964): 279-288. https://academic.oup.com/sf/article-abstract/42/3/279/2227418, 06.02.2023

[6] Francis Galton, English men of science: Their nature and nurture. Routledge, 2018.

социјални споредби и ривалство меѓу децата во семејството, без оглед на нивниот род.[7] И во романот „Рок видри“ на Весна Ацевска, помалиот брат Кире, го чувствувал притисокот на тоа да се има постар брат: „Да имаш постар брат не е едноставно, ни за тебе, ни за него. Преку братот постојано те притискаат сите со ред. Први што ви наметнуваат споредба со него се родителите: де, брат ти учеше многу добро, де-никој не го присилуваше да вежба математика, никогаш не донел помалку од четворка...; „О доволно, иако може да продолжам како стоногалка, зашто неговите „заслуги“ не можат да се набројат. Знам, ви се смачи. Толку многу пофалби а вие, што и да правите, малку е, недоволно, незабележливо“ (14-15). Иако многубројните студии на оваа тема, покажуваат дека причините за несогласувања меѓу децата/адолесцентите во семејството можат да бидат различни, во случајот на Кире и Симе, како причина а незадоволство кај Кире се јавило постојаното споредување на нив двајцата од страна на сите блиски, кое всушност Кире го почувствувал како споредба, затоа што сите ги истакнувале позитивните карактерни особини на Симе. Како резултат на тоа, тој почувствувал завист и лутина, па дури и желба за агресија[8]: „И тогаш ве фаќа лутина, па сакате да боцнете, да удрите, да нервирате за да се покаже дека и тој е лош, кавгаџија, закачко што знае да враќа, со еден збор да го симнете од небо на земја. Таму кај што сте вие“ (15). За среќа, присебноста на Кире придонесува за согледување на тешката позиција во која се наоѓа постариот брат со доаѓањето на помал брат/сестра во семејството: „Но, драги мои, не грижете се. И нему му е доста од вашето присуство. Откако сте дошле на овој свет, за него нема живот. Сите само вас ве сакаат – та нели вие сте она најмалото-најмилото! И за него почнуваат неброени забрани: не смее да си игра со вас, ќе ве повредел (...), да глуми дека се радува на вашето прво запче; на тоа како добро цртате или пеете; постојано е нешто важно околу вас, а за него сѐ помалку има време. Впрочем, тој е „голем“ и таков мора да биде. Вие сте „мал“ и таков треба да останете. Затоа и мора да клоцате одвреме-навреме, да вреснете еден на друг и да си ги покажете забите“ (15), но, согледување и на позитивните аспекти од согласувањето со постариот брат: „Меѓусебната доверба, подавањето рака, пријателскиот совет, ви даваат крила со кои ги прелетувате сите неприлики, сите пречки што никнуваат пред вас и чија смисла е да ја стават на проверка вашата кадарност. Особено неопходна кога треба да се освои девојка. А штом имате вистински брат, како да имате цела енциклопедија со упатства за освојување на девојките. А колку само вреди братот кога треба да се најде излез штом ќе загусти“ (15). А колку ќе ја почувствува благотворната моќ на братовата помош, знае и Кире и останатите „Рок видри“ кога се исправени пред „опасноста“ од појавувањето на родителите на нивниот концерт и да се соочат со подбивот на врсниците: „Вистинска пропаст! Атлантида! Подобро да се откажеме. Ќе се скинат од смеење сите што ќе нѐ видат“ (18). Симе е во стабилна врска со Тинче која ја сакаат сите: „...ја сакавме сите толку многу, како што се сака ведро небо, река, роден град. Таа носеше во себе постојаност и цврстина, даваше сигурност и топлина, без оглед на промените што ги носеа животот и природата“ (19). И токму таа Тинче ќе ја извлече од дома мајка му на Кире, а брат му незабележително ќе го организира нивниот транспорт со сите инструменти во Младинскиот дом.

Како и да е, браќата и сестрите во семејството се моќен агенс за социјализација, затоа што преку натпреварувањето, ривалитетот, децата меѓусебно учат за социјалните модели на однесување, начини на разрешување на конфликти, а на крај и

---

[7] Ansbacher HL, Ansbacher RR. The individual psychology of Alfred Adler. New York: Basic Books; 1956

[8] Raymont Montemayor and Eric Hanson, A Naturalistic View of Conflict Between Adolescents and Their Parents and Siblings, Journal of Early Adolescents, Vol.5, No.1, 23-30, 1985. https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/0272431685051003, 06.02.2023

воспоставување на заеднички ставови, интереси или однесување[9]: „Така не ви фали ништо: пари за џепарлак, „аусвајс“ за шетање, своја соба, свое хоби, свои „бубалки“ од кои никогаш никој дома не го боли глава. Но, границата не ја минуваме – тој оди напред низ факултетот, јас цепам право низ средното. А за парите, колку што се може: од мама, од тате, одвреме навреме од дедо и баба, па и од другите роднини ќе капне по нешто. Се укаже ли прилика за заработка, каква-таква, не одбиваме. Особено на лето“ (16). Таквите заеднички интереси ќе ги здружат двајцата браќа против родителите, а тие сепак, нема да им ја ускратат помошта на младите идни музички ѕвезди: „Проблем е друго, им требаат вистински појачала и други музички „дребулии“. А ако вие им помагате, и натаму, училиштето нема да биде проблем; ќе немаат секирации... И, ветија. Дека ќе го купат потребното, дека ќе ни помагаат така што ќе остават на нас да ја бараме помошта. Без наметнување. И ние ветивме. Дека нема да има проблеми со нас, ако си го одржат ветувањето. Особено она за наметнувањето“ (58).

Со овој роман авторката го засегнала и прашањето за родовиот пристап, затоа што три од вкупно седумте членови на групата се девојчиња и во ниту еден момент од нивна страна не може да се насети некаква родова дискриминација или омаловажување. Напротив, низ целата нарација на овој адолесцентски роман може да се види почитта со која Кире, но и останатите членови на групата „Рок видри“ се однесуваат и ги прифаќаат девојчињата во групата (Вики, Виле и Вале) како рамни на себе. Тука е и ликот на Тинче, девојката на Симе (братот на Кире), која особено досетливо ќе ја оддалечи мајката на Кире од семејниот дом, за тие да можат скришно да заминат на натпреварот.

Последната, дваесетта глава од романот, ни навева една убава слика, но и проткаена со тивка тага, зашто авторката Весна Ацевска ни ги насликала „Рок видрите“ во познатиот амбиент на нивната гаража за музички проби: „Седиме и разговараме молчејќи. Меѓу блиски е можно да се разговара и без да се каже збор. Зашто меѓу нив има невидливи и многу чувствителни скришни нишки. Каналчиња што поврзуваат.“ (101). Мисловниот разговор во кој се вклучуваат сите им открива дека тие ништо постоеле и пред нивното постоење, ползеле и ги чекале нив уште од минатото, од постоењето и соживотот на нивните претци во познатото скопско Дебар-маало, за да можат и тие сега да имаат заедничко детство, заеднички спомени од маалото, спомени од настаните и доживувањата во училиштето, спомени поврзани со првата љубов, со музиката. Ако музиката е универзално човеково однесување, дел од човековата природа, следтвено на тоа, музиката е присутна и во животот на младите луѓе. Од развоен аспект, музиката се појавува во секоја фаза и возраст од човековиот развој. Било да е во детство, адолесценција или возрасно доба, музиката игра значајна улога во индивидуалниот социо-емотивен и интелектуално-уметнички развој. Од дванаесеттата година, па низ целото средношколско образование, адолесцентите се познати по тоа што ја пригрнуваат музиката преку нивно активно музичко ангажирање, а често се пасионирани консументи на музиката.[10] Бројни студии говорат во прилог на фактот дека преку музиката младите го градат и моделираат сопствениот, индивидуалниот, но и колективниот идентитет, бидејќи музиката им нуди повеќе можности да се запознаат себеси и да се поврзат со другите. Па, така за „Рок видрите“ музиката е онаа која дава смисла на сè, зашто таа е: „Онаа со која растевме од првите дни; онаа што ја слушавме низ радио-брановите; онаа од ТВ екраните, плочите, касетофоните, онаа од концертите

---

[9] Patricia L. East, Adolescents ’ Relationships with Siblings, 2009, https://www.researchgate.net/profile/Patricia-East-2/publication/229688089, 05.02.2023

[10] Patricia Shehan Campbell, Claire Connell, Amy Beegle, Adolescents' Expressed Meanings of Music in and out of School, Journal of Research in Music Education, Vol. 55, No. 3 (Autumn, 2007), pp. 220-236, https://www.jstor.org/stable/4543122, 06.02.2023

на нашите музички идоли; онаа што ја чувствувавме во себе и на која ѝ правиме пат да се излее, да се покаже, да оживее во овој чудесен свет...“ (102).

Истата таа музика, ќе овозможи и приближување на младите спротивставени групи – „Електрични крилја“ и „Рок видри“, како една спротивност на агресијата која ја покажува спротивставената екипа. Така, музиката како своевидна музико-терапија, која ја покажува бесмисленоста на агресијата, со што на младите луѓе им нуди нови начини за комуникација во нивниот свет.[11]

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ansbacher HL, Ansbacher RR. (1956), The individual psychology of Alfred Adler. New York: Basic Books.
2. Campbell, Patricia Shehan, Connell, Claire, Beegle, Amy. (2007). Adolescents' Expressed Meanings of Music in and out of School, Journal of Research in Music Education, Vol. 55, No. 3, pp. 220-236, https://www.jstor.org/stable/4543122, 06.02.2023
3. East, Patricia L. (2009). Adolescents ’ Relationships with Siblings, https://www.researchgate.net/profile/Patricia-East-2/publication/229688089, 05.02.2023
4. Galton, Francis, (2018), English men of science: Their nature and nurture. Routledge.
5. Howe, Nina, Aquan-Assee, Jasmin, Bukowski, William M., Rinaldi, Christina M., and Lehoux, Pascale M., (2000), Sibling Self-Disclosure in Early Adolescence, Merrill-Palmer Quarterly, Published by: Wayne State University Press, Vol. 46, No. 4, pp. 653-671, https://www.jstor.org/stable/23092569, 05.02.2023
6. Irish, Donald P., Sibling interaction: A neglected aspect in family life research, Social forces 42, no. 3 (1964): 279-288. https://academic.oup.com/sf/article-abstract/42/3/279/2227418, 06.02.2023
7. McHale Susan M, Kim J, Whiteman SD. (2006), Sibling relationships in childhood and adolescence. In: Noller P, Feeney JA, editors. Close relationships: Functions, forms and processes. New York: Psychology Press; pp. 127–149
8. McHale, Susan M., Updegraff, Kimberly A., and Whiteman, Shawn D., (2012), Sibling Relationships and Influences in Childhood and Adolescence, J Marriage Fam.; 74(5): 913–930., https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC3956653/, 05.02.2023
9. McFerran, Katrina (2019). Handbook of Music, Adolescents, and Wellbeing, Oxford University Press, USA.
10. Montemayor, Raymont and Hanson, Eric. (1985). A Naturalistic View of Conflict Between Adolescents and Their Parents and Siblings, Journal of Early Adolescents, Vol.5, No.1, 23-30. https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/0272431685051003, 06.02.2023
11. Ацевска, Весна. (1993). Детска радост, Скопје.


[11] Katrina McFerran, Handbook of Music, Adolescents, and Wellbeing, Oxford University Press, USA, 2019,